СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-2100/2

27.08.2024 година

К и ч е в о

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 38-ма редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 27.08.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Миѓен Зендели, Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Бојан Стојкоски, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Сибел Туфекџи, Агим Садику, Абдула Сејдини и Валбона Адили Емини.

Отсутен беше советникот: Миѓен Зендели.

На седницата беа присутни и Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Димче Миловски -претставници од општинската администрација, преставник од ЈП„Комуналец„„ директорите од: ЦОУ „Кузман Јосифоски Питу“ Кичево, ЦОУ „Санде Штерјоски“ Кичево, ООУ „Христо Узунов“ с.Другово, ООУ „Ѓ.К.Скендербег“с.Србица, ЦОУ „Милто Гура“ с.Стрелци, ЦОУ „Наим Фрашери“ с.Јагол и ОУ „Фаик Коница„ с. Грешница и новинар од ТВ „Ускана“.

**Претседателот на советот** праша дали некој има забелешка за Записникот од 36-та седница на советот одржана на 30.07.2024 г.

**Валентина Лазаревска -** Информира дека има забелешка на страна 7 во Записникот по излагањето на Секретарот на општината, кај основач на училиштето не требало да стои ,,Кузман Јосифоски Питу, туку Основно општинско училиште ,,Кузман Јосифоски Питу,,.

Бидејќи никој друг  не зеде збор, **Претседателот на советот** го стави на усвојување  Записникот од   36-та седница на советот одржана на 30.07.2024 год. со дадената забелешка и истиот се усвои со 19 гласа ЗА.  ПРОТИВ (нема).  ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, **Претседателот на советот** праша дали некој има забелешка за записникот од 37-та седница на советот одржана на 15.08.2024 г.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека има забелешка во записникот кај делот на нејзиното обраќање за повлекување на 8-та и 10-та точка од дневниот ред и тоа наместо ,,средни,, требало да стои ,,основни,, училишта.

Бидејќи никој друг  не зеде збор, **Претседателот на советот** го стави на усвојување  Записникот од   37-та седница на советот одржана на 15.08.2024 год. со дадената забелешка и истиот се усвои со 19 гласа ЗА.  ПРОТИВ (нема).  ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1.Предлог Одлука за прекин на мандатот од член на советот на Општина Кичево.
2.Верификација на мандатот од новиот член на советот на Општина Кичево.
-Извештај од Верификациона комисија.
-Потпишување на Свечена Изјава.
3.Квартален Извештај на Општина Кичево за вториот квартал од 01.01.2024 до 30.06.2024.
4.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе Измена на урбанистичка документација на с. Подвис- Кичево заради вклопување на бесправен објект.
5.Предлог Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавните службеници во Општина Кичево.

6.Предлог Одлука за давање на позитивно мислење за Годишниот план за вработување на Општина Кичево за 2025 г.
7.Квартален Извештај за приходите и расходите на ЈКП ,,Комуналец,, за вториот квартал.
8. Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ ,,Милто Гура,, за 2024-2025 година.
9.Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ ,,Санде Штерјоски,, за 2024-2025 година.
10. Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ ,,Реџо Рушити Зајази,, за 2024-2025 година.
11.Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ ,,Христо Узунов,, за 2024-2025 година.
12.Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ, ,,Фаик Коница,, за 2024-2025 година.
13.Усвојување на годишен извештај за работа на ООУ ,,Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу,, за учебната 2023-2024 година.
14 Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ООУ ,,Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу,, за 2024-2025 година.
15.Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ООУ ,,Кузман Јосифоски Питу,, за 2024-2025 година.
16.Годишен План за вработување за 2025 на Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков,, Кичево.
17. Разно.

Претседателот на советот го стави на усвојување предложениот Дневниот ред за оваа седница и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** го поздрави усвојувањето на дневниот ред, бидејќи поголем дел од точките биле за Програмите на училиштата, а усвојувањето им било потребно за да можат да работат.

1. **ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за прекин на мандатот од член на советот на Општина Кичево.

**Претседателот на советот-** Информира дека се работи за прекин на мандатот на советникот Лазе Јакимоски, кој поднел оставка од член на

советот поради заминување на друга функција и потребно е тоа да се констатира со Одлука за прекин на мандатот.

Потоа, беше констатиран престанокот на мандатот на советникот Лазе Јаќимоски.

**2. ВТОРА ТОЧКА**: Верификација на мандатот од новиот член на советот на Општина Кичево.
-Извештај од Верификациона комисија.

-Потпишување на Свечена Изјава

**Валдет Селими-** Информира дека за да се верифицира мандатот на новиот член на советот, прво треба да се повлече Комисијата за верификација за да ги провери податоците доставени од Општинската изборна комисија за новиот член на советот од советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ, а потоа да се изгласа извештајот.

**Председателот на советот** предложи Комисијата за верификација да се повлече и да одлучи за мандатот за новиот член на советот.

Комисијата се повлече на работа, а потоа **Претседателот на Комисијата за верификација** го прчита Извештајот во кој се констатира дека немало никакви забелешки по идентитетот на членот на советот и други законски пречки. Комисијата предложи да се усвои Извештајот од страна на советот.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот од Верификационата комисија и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (Нема). ВОЗДРЖАНИ (нема), со тоа беше верифициран мандатот на новиот советникот.

Потоа, новиот член на советот Бојан Стојкоски ја прочита и потпиша свечената изјава.

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Квартален Извештај на Општина Кичево за вториот квартал од 01.01.2024 до 30.06.2024.

**Бурим Кадриу**- Информира дека полугодишниот извештај им е доставен и дека тој бил поопширен во однос на предходните. Потоа, детално ги образложи приходите и расходите по ставки прикажани во табеларен приказ.

**Михајло Данилоски**- Информира дека Секторот за финансии овој пат се потрудил и детално се било преставено во Извештајот. Истакна дека има забелешка до Претседателот на советот и Претседателот на комисијата за финансии и буџет во врска со незакажувањето на седници на Комисијата за финансии.

**Тефик Лутвиу**- Како претседстел на комисијата информира дека Комисијата за финансии и буџет порано се закажувала, но поради немање кворум (недоаѓање на седница на членовите), седница на комисијата не можела да се одржи и затоа сега не се повикувала.

**Бојан Стојкоски**- Информира дека Тефик како претседател на комисијата треба да знае дека точките што се од надлежност на таа комисија требало прво да поминат на комисија, па на совет. Истакна, ако тие не се поминати на комисија, тогаш не треба да бидат ни на совет.

**Тефик Лутвиу**- Истакна дека Бојан треба да се информира од советниците, зошто предходно неговата политичка партија бојкотирала и не гласала за мандатите на советниците, а сега сите советници гласале за неговиот мандат.

**Претседателот на советот** потврди дека навистина тогаш имало бојкот од советниците на ВМРО-ДПМНЕ за верификација на мандатите. Истакна дека од идењето на комисија не требало да се прави политика и дека не значело ако некоја точка не се усвои на комисија, истата немало да се усвои и на совет, туку можела да се усвои.

**Абдула Сејдини**- Праша како е можно на предходната седница, да не се усвои, а сега да се усвои истиот дневен ред на седницата, без никаква измена. Истакна дека на седница на совет, а не на комисија се одлучувало дали ќе се усвои или не некоја точка. Информира дека забелешката на Бојан како нов член на советот не му била добра.

**Бојан Стојкоски**- Информира дека забелешката му била во насока за тоа дали комисиите се за да работат или не, ако не, зошто тогагаш постоеле. На комисија прво требало да се разгледа секоја точка, а потоа на совет. Истакна дека и порано, кога бил советник, а и сега продолжувало да се работи така.

**Абдула Сејдини**- Информира дека не знае дали бил добро упатен Бојан или не, точката е веќе на дневен ред, а тој рекол ако не помине на комисија нема да биде на дневен ред. Истакна дека треба да биде сериозен во работата.

**Бојан Стојкоски**- Истакна дека му забранувале да зборува и праша која е целта на постоење на комисијата.

**Абдула Сејдини**- Информира дека не му го зема правото да зборува. Праша зошто тој земал право да го обвинува советот како работел порано и побара да не ги менува ставовите секоја минута.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Кварталниот Извештај на Општина Кичево за вториот квартал од 01.01.2024 до 30.06.2024 и истиот се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**4. ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе Измена на урбанистичка документација на с. Подвис- Кичево заради вклопување на бесправен објект.

**Димче Миловски**-Информира дека се работи за проширување на плански опфат во с. Подвис за вклопување на бесправен објект-стамбена куќа во сопственост на барателот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе Измена на урбанистичка документација на с. Подвис- Кичево заради вклопување на бесправен објект и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5. ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавните службеници во Општина Кичево.

**Секретарот на општината**- Информира дека се работело за едно работно место „Копирант". Службеникот покрај работата копирант ќе ја обавува и работата на технички секретар во кабинетот на Градоначалникот и поради тоа основната плата требало да се зголеми за 0,12 бодови.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавните службеници во Општина Кичево и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

Се премина на :

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање на позитивно мислење за Годишниот план за вработување на Општина Кичево за 2025 г.

**Секретарот на општината**-Информира дека планот за вработување треба да се донесе до 31 Август во тековната година за наредната година. Потоа го образложи планот.

**Михајло Данилоски**- Праша дали во планираните вработувања е користен балансерот, бидејќи тоа било законска обврска.

**Секретарот на општината**- Информира дека балансерот е користен во планирањата.

**Михајло Данилоски**- Го информира Абдула дека Дневниот ред од минатата седница пропаднал поради таа точка, бидејќи не им било јасно за тоа.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлука за давање на позитивно мислење за Годишниот план за вработување на Општина Кичево за 2025 г. и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**7. СЕДМА ТОЧКА**: Квартален Извештај за приходите и расходите на ЈКП ,,Комуналец,, за вториот квартал

**Преставникот од ЈКП „Комуналец“-**Информира дека претпријатието финансиски било во загуба од 15 милиони денари. Приходите се збирале од продажба на услуги за водоснабдување, канализација, одведување на отпадни води, отпадоци и др. приходи кои биле предвидени во Извештајот. Расходите биле за вториот квартал до 30.06.2024 и тие биле материјални, за плати на вработените, за амортизација и вкупно биле 93 милиони.

**Виктор Алексоски**- Информира дека пред 2 години гласале точка за ,,Комуналец“ за покачување на цената на сметот со цел да се подоби состојбата со него, да се намали долгот, но до денес ништо не е подобрено, нема резултат. Истакна дека пред извесно време имало пожар кај ѓубрето (депонијата) во населбата Иванидол, на 500 метри од градот. Жителите се

жалеле, дишеле загаден воздух. Потребно било да се дејствува и да се реши проблемот со депонијата.

**Претседателот на советот** – Информира дека надлежноста на општината за одредување на депонија се одземени. Истакна дека се надева дека новата Влада ќе најде решение за неа.

**Претставникот од ЈКП„Комуналец"-** Информира дека во врска со тоа не бил компетентен да одговори и дека тука бил за финансискиот дел.

**Игор Стојаноски**- Информира дека како што информирал преставникот  во последниот квартал имало загуба и зголемување на платите на вработените. Помеѓу двата квартали имало 5 милиони разлика во материјалните трошоци, побара појаснување.

**Претставникот на ЈКП„Комуналец**" – Информира дека доколку споредбено се вршела анализа ќе се видело дека имало зголемување на платите на вработените. Имало зголемување од 13 милиони. Зголемувањето од 5 милиони имало  кај материјалните трошоци за носење- транспортот на отпадот.

**Игор Стојаноски**- Праша дали платите линеарно се зголемени за сите или не и ако се,  колку линеарно се зголемени.

**Претставникот на ЈКП„Комуналец**" – Информира дека во месец Октомври имало линеарно покачување, а потоа имало и мало усогласување на платите. Тоа било сепак минимално, во однос на тоа што работниците го работеле.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Кварталниот Извештај за приходите и расходите на ЈКП ,,Комуналец,, за вториот квартал и истиот се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема).  6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Советникот Михајо Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**8. ОСМА ТОЧКА**: Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ ,,Милто Гура,, за 2024-2025 година

**Директорот-** Информира дека програмата навреме е изготвена и усвоена од училишниот одбор.

**Валентина Лазаревска-** Информира дека и минатиот пат барала таа програма и програмата за ОУ „Реџо Рушити Зајази„ да се повлечат од дневен ред за седницата, бидејќи не ги содржат сите податоци и тие треба систематски да бидат изготвени. Истакна дека тие не биле изработени според новиот правилник кој е донесен на 29 Мај и дека имала многу грешки и пропусти. Во програмата имало наставен корикулум од 2006 г. , пример предметот „Запознавање на природата и опшеството“ не е предвиден во наставните планови од 2009 година, потоа нема осмо, туку девето образование и уште многу други грешки. Замоли да се почитува и применува Законот за основно образование и да се работи ревносно и одговорно за да се постигнат резултати во училиштата. Според новиот Правилник, Правилниците требало да бидат објавени и на страната и на општината и на училиштето. Во однос на лани, пак се повторувале исите гршки. Праша на кој начин се формирани училиштата со помал број ученици и дека за нив требало Одлука да донесе советот. Како советници теребало тие да одредат со која бројка ќе работат одделенијата. Истакна дека не е исто некој да и зема иста плата, а да работи со 7,12 или 15 ученици, како тие што работат со 25 или 30 ученици.

**Директорот-** Информира дека на 15 јули доставиле барање до основачот за формирање паралелки со помал број ученици. Во однос на другиот дел од 20 јули се вратиле на стариот концепт. На 18 јули имале онлајн средба директорите со министерката за образование од каде биле информирани дека ќе продолжел стариот концепт на работа. Врз основа на тоа била направена Програмата.

**Валентина Лазаревска** – Информира дека поголем дел од Програмата не била изработена како што треба. Како координатор на тимот директорот имал доволно време да ги направи промените. Промени имало од 2020 г. , но тие не биле внесени во Програмата. Истакна дека се изненадила со образовниот кадар кој го имаат, на пример Помошен директор не можеле да имаат, а бил предвиден.

Побара од директорот да објасни за дејноста што ја врши и за библиотекарниот фонд што го имаат, бидејќи бројката на библиотекари била зголемена на тројца.

**Директорот** – Информира дека нема детално да навлага и образложува. Тоа било одредено со систематизацијата, за која имале согласност. Имале едно централно и други две основни училишта.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека не добила одговор која е работната задача за нив.

**Претседателот на советот**- Кој му дал такво право, самиот тој.

**Игор Стојаноски**-Информира дека не дозволува таков однос на Претседателот со нив- советниците и тој побара од директорот да каже која е дејноста за тоа работно место.

**Директорот**- Информира дека во Правилникот за систематизација е предвидено дејноста и должноста за секое работно место како и колку изведувачи ќе има за тоа работно место.

**Валентина Лазаревска**- Го праша директорот кога давал решение за оглас и плата на работникот, која надлежност треба да ја врши работникот, а која координаторот. Истакна дека такво работно место немала сретнато во други Правилници.

**Директорот**- Информира дека за тоа писмено ќе одговорел, со цел да не згрешел нешто.

**Иванчо Божиноски**- Побара пауза од 5 минути за координација во врска со гласањето за точките. По паузата седницата продолжи.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ ,,Милто Гура,, за 2024-2025 година и истата се усвои со 11 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**9. ДЕВЕТА ТОЧКА**: Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ ,,Санде Штерјоски,, за 2024-2025 година

**Директорот**- Информира дека Програмата е доставена електронски и ако има некој прашање тој е тука да одговори.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за воспитно-образовна работа на ОУ „Санде Штерјоски„ за 2024-2025 година и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**10. ДЕСЕТА ТОЧКА**: Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ „Реџо Рушити Зајази„ за 2024-2025 година

**Директорот**- Информира дека програмата електронски навреме била доставена.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека има забелешки и за оваа Програма. Праша дали биле технички грешки во бројките или не, како и дека имало грешки во корикулумите. Побара да се внимава и во наредната година да не се прават истите грешки.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за воспитно-образовна работа на ОУ „Реџо Рушити Зајази„ за 2024-2025 година и истата се усвои со 14 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**11.ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ „Христо Узунов„ за 2024-2025 година

**Директорот**- Информира дека Програмата е доставена и во неа се е предвидено.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ „Христо Узунов„ за 2024-2025 година и истата се усвои со 20 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА**: Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ОУ, „Фаик Коница„ за 2024-2025 година

**Директорот**- Информира дека Програмата е навреме изработена и доставена.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ „Фаик Коница„ за 2024-2025 година и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Валентина Лазаревска-** Ги пофали директорите на училиштата од с.Грешница и ц.Србица за убаво изготвените Програми.

**13. ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ „Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу„ за учебната 2023-2024 година

**Директорот** ги образложи 13 и 14 точка заедно, бидејќи се однесуваат за истото училиште.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот Извештај за работа на ЦОУ „Ѓерг Кастриоти Скендербеу„ за 2024-2025 година и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**14.ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ООУ „Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу„ за 2024-2025 година

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за воспитно-образовна работа на ЦОУ „Ѓерг Кастриоти Скендербеу„ за 2024-2025 година и истата се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**15.ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Годишна Програма за воспитно-образовна работа на ООУ „Кузман Јосифоски Питу„ за 2024-2025 година

**Директорот**- Информира дека Програмата била навреме доставена.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за воспитно-образовна работа на ООУ „Кузман Јосифоски Питу „ за 2024-2025 година и истата се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Советникот Валентина Лазаревска се иззема од гласање, бидејќи е вработена во тоа училиште.

**16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА**: Годишен План за вработување за 2025 на Работнички Универзитет „Крсте Мисирков„ Кичево

**Виктор Алексоски-** Информира дека директорката била на одмор и го замолила тој како претседател на Управниот одбор да го презентира

Годишниот план. Истакна дека немало измени во планот во однос на предходната година.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишниот План за вработување за 2025 на Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков,, Кичево и истиот се усвои со 18 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**17. СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА**: Разно

**Валентина Лазаревска-** Информира дека имало доставено барање од МЗ Иванчиште за резервоарот. Бил извршен увид таму и немале повратен одговор за тоа што е одлучено.

**Секретарот на општината-** Информира дека со увидот само е констатирана состојбата и сега било потребно да се изготви Проект за да се реши тоа.

**Валентина Лазаревска-** Информира дека бил излезен конкурс за стипендии на студенти. Истакна дека неколку години бара, но не добила Извештај за тоа кои студенти добиле стипендија како и Извештај за тоа кои се субвенционирани за инвертери.

**Секретарот-** Информира дека им го поделила на советниците поединачно да го гледаат списокот.

**Валентина Лазатевска-** Информира дека до не не е дојден и дека го нема видено.

**Секретарот-** Информира дека веднаш ќе им го даде списокот, бидејќи тој бил кај неа.

**Валентина Лазаревска-** Праша кога ќе излезел конкурсот годинава.

**Секретарот-** Инфромира дека до крајот на годината ќе излезел.

**Валентина Лазареска** – Праша до каде е со нагрдите на учениците кои учествувале и освоиле награди на државните натпревари.

**Секретарот**– Информира дека директорите, наставниците или родителите требало да донесат поединачно барање, па потоа ќе ги добијат.

**Игор Стојаноски-**Информира дека повторно бара за банерите. Речено му е дека е проследено до општината и известен е дека такво барање било поднесено од здружение. Имал поднесено писмено барање, но сеуште немал одговор.

**Секретарот-** Информира дека од Одделението за урбанизам ја известиле дека такво барање  немало доставено во општината, но небило проблем и секој таков банер можел да постави на македонски јазик

**Иванчо Божиноски**- Праша како е можно тоа да го стори секој и кој знаел што ќе пишувало на него, можело да биде нешто навредливо.

**Претседателот на советот**- Информира дека до советот имало доставено 3 барања. Потоа, ги прочита барањата.

1. Барање од здружението за посебни потреби за одобрување превоз за еднодневна екскурзија во Врање Р. Србија.

**Секретарот на општината** – Информира дека тоа барање ќе се приклучи кон Јавниот повик.

2. Барање од Месната заедница на с. Кленоец за започнување на изработка на проектна документација за доизградба на локален пат кој води до с. Кленоец.

**Советот** одлучи барањето да се достави до надлежниот сектор.

3. Барање од група сопственици на градежни парцели за  уредување на градежно земјиште за пробивање и изградба на пат кој според детален урбанистички план е предвиден на КП бр.4990/2 површина од 612 м2 на м.в Душогубец КО Кичево.

**Валдет Селими**- Информира дека барањето е погрешно адресирано.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен и дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 12 часот и 40 минути.

Совет на општина Кичево

Записничар                                                    Претседател

Ленче Србиноска                                                       Скендер Џабири